РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1138/6
07-08-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на ден 04.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-1138/1, оформен по пријава доставена на 17.02.2023 поднесена од правното лице „-----------------------------------------„ од Охрид со наводи за незаконска спроведена постапка за издавање на деловен простор под закуп во сопственост на ЈЗУ Општа болница Охрид, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат поради што нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-1138/1 од 17.02.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 17.02.2023 година од страна на познат подносител, поднесена е пријава со наводи за незаконско спроведување на постапка за издавање на деловен простор под закуп за рок од 5 години од страна на ЈЗУ Општа Болница Охрид и одговорното лице в.д ----------------. Во пријавата подносителот наведува дека ЈЗУ Општа Болница Охрид правото на закуп му го доделил на правно лице кое се сомнева дека не учествувал во постапката за електронско јавно наддавање. Имено -------------------------------------, со управител ---------------------, ја доставува оваа претставка во која посочува неправилности во постапката за издавање под закуп на објектот на старата градска аптека, кое е во сопственост на ЈЗУ Општа Болница Охрид.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба со пријавениот случај, ДКСК на 22.03.2023 год. достави барање за прибирање на информации до директорот на ЈЗУ Општа Болница Охрид ----------------------: одлуки, записници, извештаи и договори поврзани со спроведената постапка издавање под закуп..

На 03.05.2023 год. ----------------------- на ЈЗУ Општа Болница Охрид, ни ги достави следните документи: Известување бр.--------------, Објава за издавање на деловен простор под закуп по пат на електронско јавно наддавање бр.--------------, Процена од Бирото за судски вештачења бр.СВ ----------------, Записник од Отворање на понуди по оглас бр.------------- за издавање на деловен простор под закуп по пат на електронско јавно наддавање бр.------------,

Записник бр.-------------- од спроведена Аукција бр.--------------, Извештај од спроведена постапка со предлог за избор на најповолни понудувачи по јавниот оглас бр.------------ за издавање на деловен простор под закуп по пат на електронско јавно наддавање бр.------------, Решение за избор на најповолен понудувач бр.--------------, Договор за закуп на недвижен имот бр.---------, Изјава бр.---------, Известување бр.------------, Налог за извршување заради испразнување и предавањев на недвижност И.бр.-------------, Заклучок за одбивање на барањето за спроведување на извршување И.бр.-------------, Записник за увид и примопредавање на деловен простор ,,-------------------------------,, сопственост на Р.С Македонија, со право на користење на ЈЗУ Општа Болница Охрид бр.-------------- и Преглед на субјекти регистрирани во Централен Регистар на РСМ.

Од доствената документација видно е дека е спроведена постапка за издавање во закуп на деловен простор-стара градска аптека со јавна објава бр.------------, врз основа на одлука донесена од страна на Управниот одбор. Формирана е комисија за спроведување на постапката. На објавениот оглас се јавиле двајца понудувачи, односно -------------------------- (кој бил претходен закупец) и -------------------------------, при што со Записник бр.--------------- од 23.11.2018 год. по Аукција бр.--------------- е утврдено дека -------------------------- е најповолен понудувач. По предлог на Комисијата е изготвено решение за најповолниот понудувач за ------------------------------------ и склучен е договор за закуп, со обврска да му се предаде владението кога ЈЗУ Општа Болница Охрид ќе го добие истото од претходниот закупец, а притоа најповолниот понудувач да не тужи за надомест на штета поради тие околности.

Меѓутоа, имајќи предвид дека ------------------------------------ како претходен закупец на истиот деловен простор, не се иселувал доброволно од деловниот простор, била поведена постапка пред Основен Суд Охрид за присилно иселување која завршила со пресуда за иселување на тужениот, односно -----------------------------------. Повторно тужениот не се иселувал доброволно, при што била поведена извршна постапка за присилно иселување. На крај со Заклучок за одбивање на барањето за спроведување на извршување донесен од --------------------------------------------- на датум 22.06.2021 год., се одбива барањето за извршување врз тужениот, поради тоа што --------------------------------------- било затворено и избришан од Регистарот на правните лица во Централен Регистар на РСМ.

ДКСК вистиноста на овој факт ја потврди преку електронски документ на Трговскиот регистар и регистар на други правни лица издаден од Централен Регистар на РСМ, каде јасно може да се види дека правното лице ,,--------------------------------------,,има статус на избришан субјект од Трговскиот регистар и регистарот на правни лица на Централниот Регистар на РСМ.

Во Известувањето на ЈЗУ Општа Болница Охрид е наведено дека --------------------------- го оставил деловниот простор-старата градска аптека со неподмирени трошоци и долгови спрема ЕВН Македонија, поради која причина и бил исклучен од електричната мрежа. Но исто така се наведува дека во одреден период претходниот закупец не исплатил ниту закупнина.

Исто така откако е преземено владението, Комисијата при ЈЗУ Општа Болница во Охрид утврди дека деловниот простор е запуштен, неодржан и со видливи оштетувања посебно во делот на кровната конструкција.

Врз основа на гореизнесеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување од причина што од обезбедените докази не ги потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ф.Ј.
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk